Australian Government | Be Connected
Every Australian online.

# Безбедно плаќање на интернет

**Постојат различни начини за плаќање преку интернет, но кој да го одберете и кој е најбезбедниот начин на плаќање?**

## Опции за плаќање




**Како сакате да платите?**

Кога ќе бидете на касата (checkout) на некоја интернет страница за продажба, од вас ќе биде побарано да одберете како сакате да платите. Најчестите опции вклучуваат:

- Со вашата кредитна картичка: Visa, Mastercard или American Express.
- Со Direct debit, при што од вас се бара да префрлите пари директно од банковна сметка.
- Преку PayPal - услуга специјално дизајнирана за купување преку интернет. Кога купувате нешто, PayPal всушност плаќа во ваше име. Вие потоа му плаќате на PayPal користејќи кредитна картичка или вашата банковна сметка.

## Купување на веродостојна интернет страница

**Купувајте на страница што заслужува доверба**

Важен дел на купувањето преку интернет е довербата. Дали имате доверба во интернет страницата (website) од која купувате? Ако е тоа компанија со која сте во врска, на пример вашата компанија за струја или телефон, довербата не е проблем. Во ред е да платите на кој и да е начин затоа што знаете дека работите може да ги средите со компанијата, ако нешто не е во ред.

# Безбедно плаќање на интернет

## Што да правам ако немам целосна доверба во некоја интернет страница?

Ако купувате од интернет страница со која никогаш порано не сте работеле, најдобро е да користите кредитна картичка или, уште подобро, PayPal.

Кредитните картички и PayPal имаат специјален вид на заштита на купувачи, со која може да ви бидат вратени парите ако нешто не биде во ред. Дури и ако интернет страницата одбие да ви ги врати парите, вашата компанија за кредитни картички или PayPal сеуште би можела да ви ги врати парите. На тој начин вие сте изложени на помал ризик. Со PayPal постои и една дополнителна поволност – вие дури не треба на интернет страницата да ѝ дадете податоци од вашата кредитна картичка. PayPal купува во ваше име, а потоа вие му плаќате на PayPal.

**PayPal е многу безбеден**

## Што да се прави ако купувањето појде на лошо

Понекогаш искуствата со купувањето на интернет може да бидат лоши. Или купените работи не доаѓаат, или доаѓаат погрешни работи, или производот е неисправен. Нека не ве фаќа паника, само следете ги следните чекори:

1. Контактирајте ја интернет страницата од која сте го купиле производот и обидете се директно да ги средите работите.
2. Ако мислите дека сте направиле разумен напор да го решите проблемот, треба да ја контактирате вашата компанија за кредитни картички или PayPal и да ги известете за случајот.
3. Почекајте компанијата за кредитни картички или PayPal да го испитаат случајот. Ако се согласат дека има проблем, тие ќе ви ги вратат парите. Тоа се вика chargeback.

## Купувајте слободно

Купувањето на интернет може да биде многу безбедно. Бидете разумни околу тоа кому му давате пари на интернет, искористете го предимството на заштита што го дава chargebacks и тоа може да биде исто толку безбедно како традиционалното купување.

**За да плаќате преку PayPal, треба да имате сметка. За да ја отворите, на вашиот пребарувач (browser) одете на www.PayPal.com**